РЕВ1-77/22

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Шпенд Деваја - претседател на советот, Јелица Крстевска, Наке Георгиев, Анита Бошковска и Исамедин Лимани - членови на советот, во правната работа на тужителот Република Северна Македонија против тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија С., за утврдување право на сопственост, вредност на спорот 1.100.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот, изјавена преку застапник по закон Државен правобранител за подрачје С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-1435/21 од 03.02.2022 година, на седницата на советот одржана на 09.11.2023 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот, СЕ УСВОЈУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-1435/21 од 03.02.2022 година и пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС-127/20 од 22.02.2021 година, СЕ ПРЕИНАЧУВААТ И СЕ ПРЕСУДУВА:

Тужбеното барање на тужителот, СЕ УСВОЈУВА.

СЕ УТВРДУВА дека тужителот Република Северна Македонија спрема тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија С. има право на сопственост на недвижен имот запишан во ИЛ.бр.40345 КО Ц., кој претставува административна зграда на КП.бр.12086/1 која има 13 спрата, подрум, приземје и мезанин, на ул......... бб во С., со вкупна површина од 8.684 м2 како објект од општ интерес за државата и се задолжува тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија С. да трпи промена во катастарската евиденција од свое име на име на тужителот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести парничните трошоци на тужителот во вкупен износ од 376.920,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци на постапката од досудениот износ од 376.920,00 денари до вкупно предјавениот износ од 393.120,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје со пресудата ТС-127/20 од 22.02.2021 година, го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот Република Северна Македонија да се утврди спрема тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија С., дека има право на сопственост на недвижен имот запишан во ИЛ.бр.40345 КО Ц., кој претставува административна зграда на КП.бр.12086/1 која има 13 спрата, подрум, приземје и мезанин, на ул........... бб во С., со вкупна површина од 8.684 м2 како објект од општ интерес за државата и да се задолжи тужениот да трпи промена во катастарската евиденција од свое име на име на тужителот. Го задолжил тужителот да му ги надомести парничните трошоци на тужениот во вкупен износ од 112.984,00 денари, во рок од 8 дена по прием на пресудата.

Апелациониот суд Скопје со пресудата ТСЖ-1435/21 од 03.02.2022 година, жалбата на тужителот ја одбил како неоснована и ја потврдил пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС-127/20 од 22.02.2021 година. Го задолжил тужителот да му ги надомести на тужениот, трошоците сторени во жалбена постапка во вкупен износ од 38.612,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-1435/21 од 03.02.2022 година, ревизија изјави тужителот, преку застапник по закон Државен правобранител за подрачје С., поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешна примена на материјалното право и поради одлуката за трошоците на постапката, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната пресуда да се укине или да се преиначи, на начин што тужбеното барање на тужителот да се усвои во целост. Истакнато е барање за трошоци за состав на ревизија во вкупен износ од 21.060,00 денари.

Одговор на ревизија поднесе тужениот, преку полномошник Јосиф Филиповски, адвокат од С., со предлог ревизијата да се одбие како неоснована и да се потврди второстепената пресуда, како и да се задолжи тужителот со процесни трошоци според приложен трошковник.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по проучувањето на списите кон предметот, наводите истакнати во ревизијата и одговорот на ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда, во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е основана.

Основан е ревизискиот навод на тужителот Република Северна Македонија за погрешна примена на материјалното право, ако притоа се има предвид фактичката состојба која е утврдена од страна на пониските судови.

Врз основа на изведените докази во текот на редовната постапка меѓу другото првостепениот суд утврдил, а второстепениот суд прифатил дека тужениот е запишан како сопственик на недвижен имот- зграда на ул........... во С. на КП.бр.12086 со вкупна површина од 8.684 м2, која се состои од подрум, приземје, мезанин и 13 ката и има право на користење на изградено градежно земјиште врз кое постои зграда во површина од 939 м2 запишани во ИЛ.бр.40345 КО Ц.. Оваа недвижност е изградена врз основа на градежна дозвола издадена од Народниот одбор на Општина К.В. - Одделение ........ бр.3472-06 од 02.03.1960 година, издадена по барање на Сојуз на синдикатите на Југославија – Републичкиот совет на Македонија за градење на синдикален дом-административен дел наменет за изложби и администрација. За изградбата на објектот Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија – С., како инвеститор и ГП П. од Т.В., како изведувач, склучиле Договор за градење, заведен кај изведувачот под бр.1623 од 01.03.1960 година, со кој изведувачот се обврзал на инвеститорот да му изведе градежни електроинсталатерски, водоинсталатерски и канализациони работи за вкупна сума од 216.535.628 тогашни динари кои работи изведувачот се обврзал да ги изврши до 30.10.1961 година. Со овој договор страните ги уредиле нивните права и обврски кои за нив произлегуваат од склучување на договорот, а како обврска на инвеститорот во чл.7 точка а) било договорено дека инвеститорот е должен на изведувачот во рок од 10 дена по потпишување на договорот да му достави потврда од НБ за обезбедување финансови средства во висина на договорената сума, а накнадно и за појавените вишкови и накнадни работи. На 08.03.1060 година од страна на К. банка С. издадена е Потврда бр.802-70 686 III/3 со која се потврдува дека Републички совет на С.С.М. има обезбедени средства на сметка во износ од 107.356.077 тогашни динари за изградба на вториот дел од работничкиот дом, а за која локација е издадена на име Околиски синдикален совет С.. На 19.03.1960 година Народниот одбор на Скопска околија - Управа за извршување на регулациониот план С. на барање на Околискиот Синдикален Совет од С. издал потврда бр.359/1 дека за расчистување на теренот за градба на вториот дел од работничкиот дом во С., Околискиот Синдикален Совет има исплатено на оваа управа сума од 10.000.000 динари.

Според инвестиционата програма за изградба на втората фаза од комплексот на Работнички дом на културата-С., според која во втора фаза се гради административно-управна зграда, која во приземјето ќе има

изложбено-општествени простории за потребите на „породица и домаќинство", а на катовите ќе бидат сместени сите синдикални организации лоцирани во градот, Републичкиот завод за социјално осигурување и повеќе општествени организации што ќе се здобијат со работни простории, било преку сопствено учество во градбата, било преку Управата за градба за работни простории С., која ќе ги отстапува по пат на месечен наем. Основниот инвеститор на градбата е Сојузот на синдикатите. Според оваа инвестициона програма, потребните инвестициони средства за градба на објектот и основниот инвентар во целина ги обезбедуваат од свои сопствени или наменски средства Републичкиот совет на ССЈ, потоа РЗ С.О. и Управата за изградба на работни простории. На предлог од Републичката комисија за ревизија на инвестициони програми, Одборот за стопанство на ИС на НРМ врз основа на т.4 од Одлуката за определување на објекти и работи чии инвестициони програми ги одобрува одборот за стопанство на ИС (Сл. Весник на НРМ бр.23/58) на 24.09.1959 година донел решение бр.04-132 за одобрување на инвестициона програма за изградба на работнички дом-административна зграда С., на вкупна инвестициска сума од 427.968.146 динари.

На 27.02.1963 година од страна на Одделението за комунални работи на Народниот одбор на скопска околија по извршениот технички преглед на извршените градежни работи на инвеститорот Републички синдикален совет - С. му е издадена дозвола дека објектот од друштвен стандард - административна зграда од П+13 ката и тераса, со посебна приземна изложбена сала на ул.......... С. може да се употребува.

Со решение Уп.бр.1004/1211 од 28.06.2001 година на ДЗГР-Одделение ....... уважено е барањето за измена во катастарот на недвижностите за КО Ц., за КП.бр.12086/1 поднесено од Јавното Правобранителство на РМ, па извршена е измена во катастарот на недвижностите за КО Ц., така што недвижниот имот на КП.бр.12086/1 запишан во лист Б и лист В во ИЛ.бр.40345 КО Ц. се запишува во нов Имотен лист со право на сопственост на Република Македонија. Ова решение е донесено врз основа на записникот на Државната комисија за делбен биланс бр.44-34/1 од 18.01.1999 година врз основа на кој овој недвижен имот се запишува на име на тужителот.

Против ова решение жалба поднел тужениот, која со решение бр.27-6/5/4 од 31.10.2011 година на Комисијата на Владата на РМ за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите е уважена, решението на ДЗГР-Одделение ..........С. Уп.бр.1004/1211 од 28.06.2001 година е поништено и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување. Во ова решение се дадени укажувања дека согласно чл.92 од Законот за премер,

катастар и запишување на правата на недвижностите (Сл.весник на СРМ бр.27/86 и 17/91) врз основа на Записникот за делбен биланс бр.44-34/1 од 18.01.1999 година не може да се изврши промена во ИЛ.бр.40345 КО Ц., во однос на носителот на правото на сопственост на објектите и правото на користење на земјиштето означено со КП.бр.12086/1, затоа што во правата на истите се веќе запишани на Сојузот на синдикатите на Македонија. Исто така, второстепениот орган одлучувајќи по жалбата констатирал дека овој записник не може да произведе правно дејство затоа што Комисијата за спроведување на делбен биланс при изготвувањето и составувањето на истиот постапила согласно одредбите на Одлуката за определување на рокот за преземање на средствата на општествено- политичките организации што се укинаа бр.23-1880/1 од 09.07.1992 година на Владата на РМ и покрај тоа што оваа одлука е укината со Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.146/92 од 14.09.1992 година, во која судот констатирал дека Синдикатот како општествено-политичка организација не е укинат, ниту престанал да постои, а согласно Уставот на РМ е предвидено правото на граѓаните да основаат Синдикат заради остварување на своите економски и социјални права. Во Одлуката на Уставниот суд на РМ дадена е оценка дека Одлуката од 09.07.1992 година се однесува за имот поврзан само со остварување на оние функции на општествено - политичките организации кои престанале или поминале на надлежност на државните органи, а не и на нивниот целокупен имот, од каде произлегува дека записникот бр.44-34/1 од 18.01.1999 година не може да биде основ за бараната промена од Јавното правобранителство на РМ. Одлучувајќи во повторена постапка со решение Уп.бр.1004/1211 од 10.12.2001 година на ДЗГР-Одделение ........., одбиено е како неосновано барањето за запишување во катастарот на недвижностите за КО Ц., КП.бр.12086 поднесено од Јавното правобранителство на РМ. Со решение бр.27-197/3 од 10.04.2002 година на Комисијата на Владата на РМ за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите, жалбата на Јавното правобранителство на РМ е одбиена како неоснована. Второстепениот орган, одлучувајќи по поднесената жалба, утврдил дека првостепениот орган основано наоѓа дека не можело да се изврши измена во поглед на правата на недвижностите означени со КП.бр.12086 затоа што веќе запишаните состојби произлегуваат од правна валидна документација, па првостепениот орган правилно го применил материјалното право кога се повикал на чл.55 од Законот за премер и катастар и запишување на правата на недвижностите, укажувајќи дека доколку подносителот на барањето смета дека со запишувањето е повредено неговото право, може со тужба кај редовниот суд да бара бришење на запишаните права на недвижностите и враќање на запишаните права во поранешна состојба и согласно чл.71 од истиот закон, секое лице кое смета дека има појако право на недвижности отколку лицето за кое е одлучено да биде запишано како носител на

права на недвижности, може со тужба кај редовниот суд да бара запишувањето да се избрише и тоа да биде запишано како носител на определено право на недвижноста. Со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија У.бр.1040/02 од 24.11.2004 година, тужбата на Јавниот правобранител на РМ против ова решение е одбиена како неоснована.

Врз основа на утврденото, пониските судови ги примениле член 16 став 1, став 2, став 6 и став 7, член 112 и член 154 од Законот за сопственост и други стварни права, член 30 од Уставот на Република Македонија, одредбите од Основниот закон за изградба на инвестиционите објекти (Сл.лист на ФНРЈ бр.45/61, 6/65, 20/67), одредбите од Законот за изградба на инвестициони објекти (Сл.весник на НРМ, бр.33/62, Сл.весник на СРМ бр.9/65, 35/67...25/99), како и одредбите од член 50 и член 51 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.51/05), Резолуцијата од Првиот Земски синдикален конгрес за Македонија одржан во 1946 година месец август и Правилата на земскиот одбор на ЕСНРЈ за Македонија и тоа член 15 од овие правила, член 30 од Привремениот статут на ЕСНРЈ од 1945 година, како и член 65 од Статутот на Сојузот на синдикатите на Југославија од 1969 година, Законот за удружења, собори и други јавни скупови од 1946 година, кој важел се до 1965 година кога е донесен посебен закон, односно Основен закон за здружение на граѓани, член 9, член 10 и член 22 од Основниот закон за здруженија на граѓани (Службен лист на СФРЈ 16/1965 година), содржината на Статутот на Сојузот на синдикатите на Југославија, донесен на вториот конгрес на ССЈ одржан во октомври 1951 година во З., првата глава со поднаслов Организациони принципи и организационо устројство на ССЈ, точка 6, кога го одбиле тужбеното барање на тужителот и одлучиле како во изреката на оспорената пресуда.

Притоа, пониските судови застанале на стојалиште дека спорната недвижност-административна зграда нема статус на ствар од општ интерес за Републиката. Според образложението содржано во пресудите, од наведените законски одредби произлегува кои ствари се сметаат како ствари од општ интерес за Републиката, нивниот режим и правната заштита, а спорната недвижност не спаѓа во категорија на ствар која согласно законот може да се смета како ствар од општ интерес на Републиката. Одлуката за определување објекти и работи чии инвестициони програми ќе ги одобрува Одборот за стопанство на извршниот совет („Службен весник на НРМ“ број 23/58) и Одлуката за органите и организациите кои се однесуваат за корисници и за расподелба на дотацијата за подобрување на условите за користење на годишните и другите одмори („Службен весник на НРМ“ број 24/58) не се правен основ за да се прифати дека предметната недвижност е ствар - добро од општ интерес за Републиката, бидејќи со ваков статус стварите

се стекнуваат само врз основа на Уставот или врз основа на посебен закон, а според став 3 од член 30 од Уставот на Република Македонија, никому не може да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Кои објекти се од општ интерес за Републиката според прописите кои биле во примена во периодот кога се градела зграда е утврдено во Основниот закон за изградба на инвестициони објекти (Службен лист на ФНРЈ бр.45/61…20/67…) како и Законот за изградба на инвестициони објекти (Службен весник на НРМ бр.33/62 и Службен весник на СРМ бр.9/65…25/99), во кои нема одредба дека зграда според тип, намена или употреба како спорната зграда е објект од општ интерес за Републиката ниту тоа е содржано во подоцна донесениот Закон за градежно земјиште. Спорната недвижност никогаш со закон немала статус на ствар од општ интерес.

Според судовите, тужителот нема правен основ за стекнување на правото на сопственост согласно член 112 од Законот за сопственост и други стварни права, затоа што одлуките на кои се повикува не претставуваат правен основ во смисла на член 154 од истиот закон.

Покрај тоа, по наоѓање на пониските судови, правниот и општествениот статус и уставната положба на тужениот во време на градењето на објектот за кој тужителот бара утврдување на правото на сопственост не е спорна, па врз таа основа тужениот кој и тогаш имал својство на правно лице на кое не му била ускратена или ограничена можноста да стекнува право на сопственост над недвижен имот кој тужениот го градел и го изградил со сопствени средства, имал право да стекнува право на сопственост, а ваквото негово право не се оневозможува ниту со Одлуката за определување објекти и работи чии инвестициони програми ќе ги одобрува Одборот за стопанство на Извршниот совет на која се повикува тужителот во времето кога е донесена и кога на предлог на Комисијата за ревизија на инвестициони програми врз основа на т.4 од Одлуката е донесено решението на Одборот за стопанство на Извршниот совет со кое е одобрена инвестиционата програма за изградба на Работничкиот дом - административна зграда во С. на вкупна инвестициона сума од 427.968.146 динари. Правното дејство кое го имала Одлуката за определување објекти и работи чии инвестициони програми ќе ги одобрува Одборот за стопанство на Извршниот совет (Сл. весник на НРМ бр.23/58) не може да се испитува самостојно, одвоено, независно и неповрзано со Уставот на Република Македонија и да се смета дека оваа одлука која секако е донесена во време на сосема друг правен систем има повисоко правно дејство од највисокиот правен акт во независна, самостојна и суверена Република Македонија во која една од темелните вредности е уставна заштита на сопственоста, па врз таа основа да се

извлече заклучок дека со оглед на тоа што оваа одлука имала правно дејство и се применувала во времето кога била градена зградата која ја изградил тужениот со сопствени средства, дека предметната недвижност била општествена сопственост во поранешниот систем, а сега е сопственост на тужителот. Ваквиот пристап не само што е во спротивност со Уставот на РМ и Законот за сопственост и други стварни права, туку е во спротивност и со член 1 од Протоколот 1 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи кои го гарантираат правото на сопственост, пропишувајќи дека никој не може да биде лишен од својот имот, а особено државната интерференца и задирање во туѓиот имот го овозможуваат само доколку тоа е во јавен интерес под услови предвидени со закон и со општите принципи на меѓународното право. Притоа целиот објект е изграден со средства на тужениот, а околноста за што било планирано да се користат просториите во зградата не е факт кој може да биде од влијание за промена на сопственичкиот статус на објектот кој тужениот го стекнал на оригинерен начин по основ на градба. Ова особено ако се има предвид дека конкретната недвижност - административна зграда немала статус на ствар од општ интерес ниту во периодот кога била градена, ниту подоцна, ниту во моментот кога тужениот ја запишал сопственоста на негово име во јавните книги, а таков статус нема ниту до денот на заклучување на главната расправа.

По наоѓање на Врховниот суд на Република Северна Македонија, пониските судови погрешно го примениле материјалното право кога одлучиле на наведениот начин, на што основано се укажува и во ревизијата на тужителот.

Согласно член 1 став 1 од Законот за основни сопственосноправни односи („Службен лист на СФРЈ“ бр.6/80 и 36/90), со кој тогаш биле регулирани стварноправните односи: граѓаните, здруженијата на граѓани и другите граѓанско правни лица можат да бидат носители на правото на сопственост во согласност со уставот и законот.

Тужениот како општествена организација односно сојуз на општествени организации, согласно одредбата од член 16 став 1 од Законот за општествени организации и здруженија на граѓани („Службен весник на СРМ“ бр.32/83 и 12/90), бил општествено правно лице, поради што согласно член 1 од Законот за основните сопственосноправни односи, не можел да се стекне со право на сопственост на спорниот имот. Тужениот како општествено правно лице, а не како граѓанско правно лице имал право на користење на општествените средства, а право на располагање само под одредени услови предвидени со законот.

Согласно член 82 од Законот за здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/1998), имотот и

средствата доделени на општествените организации и здруженија на граѓани, добиени на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници, се државна сопственост.

Во случајов неспорно е дека тужениот во овој спор има својство на општествена организација, според што треба да се примени Законот за здруженија на граѓани и фондации, според кој основ за стекнување на сопственост на здружение на граѓани, се средствата со кои е стекната сопственоста.

Доколку се има предвид дека во периодот кога е изградена предметната недвижност, правниот претходник на тужениот бил општествено политичка организација, која не обавувала стопанска дејност, поради што немала и не можела да има сопствени приходи за стекнување на имот, како и неспорно утврдениот факт дека на предлог од Републичката комисија за ревизија на инвестициони програми, Одборот за стопанство на ИС на НРМ врз основа на т.4 од Одлуката за определување на објекти и работи чии инвестициони програми ги одобрува одборот за стопанство на ИС (Сл. Весник на НРМ бр.23/58) на 24.09.1959 година донел решение бр.04-132 за одобрување на инвестициона програма за изградба на Работнички дом-административна зграда С., на вкупна инвестициска сума од 427.968.146 динари, со сигурност може да се изведе заклучок дека предметниот недвижен имот е изграден и стекнат со средства на тужителот како правен следбеник на тогашната НР Македонија.

Наведениот став, Врховниот суд на Република Северна Македонија веќе го изразил во повеќе донесени одлуки РЕВ1-282/2012, РЕВ1-128/12, а се однесува на сите форми на општествено здружување, вклучувајќи го и Сојузот на синдикатите на Македонија.

Оттука, по наоѓање на Врховниот суд на Република Северна Македонија предметниот објект-административна зграда и земјиште се сопственост на тужителот, согласно цитираната законска одредба од член 82 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, бидејќи правниот претходник на тужениот, истите ги изградил и стекнал во поголем дел со средствата добиени од тужителот како правен следбеник на тогашната НР Македонија, а не со сопствени средства, со оглед дека истите во периодот на изградба на објектот, со својот правен субјективитет немал ниту можел да има сопствени средства.

Покрај тоа, неоснован е заклучокот на пониските судови дека педметната недвижност не претставува ствар - добро од општ интерес за Републиката. Доколку се има предвид утврденото дека согласно член 1 од

Одлуката за определување објекти и работи чии инвестициони програми ќе ги одобрува Одборот за стопанство на извршниот совет („Службен весник на НРМ“ број 23/58), инвестиционите програми за објектите и работите што се од општ интерес за НРМ ќе ги одобрува Одборот за стопанство на Извршниот совет, а според член 2, како објекти од општ интерес во смисла на одредбите од претходниот член, се сметаат покрај другите и објектите од општествен стандард, чија вкупна вредност го надминува износот од 100 милиони динари, без оглед на изворите на средствата, освен објектите од стамбена зграда, неспорно произлегува дека предметната недвижност е ствар - добро од општ интерес за Републиката.

Поради наведеното, Врховниот суд на Република Северна Македонија, оцени дека основано во ревизијата се укажува дека претходно наведените заклучоци на пониските судови се противречни на утврдената фактичка состојба, односно дека пониските судови погрешно го примениле материјалното право кога тужбеното барање на тужителот го одбиле како неосновано.

Оттука, во смисла на одредбата од член 387 став 1 од Законот за парничната постапка, следуваше ревизијата на тужителот да се усвои, пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-1435/21 од 03.02.2022 година и пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС-127/20 од 22.02.2021 година, да се преиначат така што тужбеното барање на тужителот да се усвои и да се утврди дека тужителот Република Северна Македонија спрема тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија С. има право на сопственост на недвижен имот запишан во ИЛ.бр.40345 КО Ц., кој претставува административна зграда на КП.бр.12086/1 која има 13 спрата, подрум, приземје и мезанин, на ул.......... бб во С., со вкупна површина од 8.684 м2 како објект од општ интерес за државата и да се задолжи тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија С. да трпи промена во катастарската евиденција од свое име на име на тужителот.

Согласно член 160 од Законот за парничната постапка и Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, а во рамките на поставеното определено барање за трошоци на постапката, судот го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во вкупен износ од 376.920,00 денари, а кои се однесуваат за состав на тужба износ од 9.000,00 денари, за состав на пет образложени писмени поднесоци износ од 45.000,00 денари, состав на три жалби износ од 63.180,00 денари, состав на три ревизии износ од 63.180,00 денари и присуство на 14 рочишта износ од 196.560.00 денари.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоците на постапката и тоа за состав на тужба од досудениот износ од 9.000,00

денари до предјавениот износ од 11.700,00 денари и за состав на пет образложени писмени поднесоци од досудениот изнс од 45.000,00 денари до предјавениот износ од 58.500,00 денари, овој суд го одби како неосновано, бидејќи е превисоко одмерено спротивно на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, а имајќи ја предвид вредноста на предметот на спорот.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на 09.11.2023 година под РЕВ1-77/22.

Претседател на советот - судија
Шпенд Деваја с.р.

За точноста на отправокот тврди: секретар